РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1771/2
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на одржаното продолжение на 8-та седница на ден 01.08.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1771/1 од 06.06.2024 година, со наводи против лицето -------- --------, поранешен ВД медицински директор на --- ----------- ------- -- -- -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Предметот со број 12-1771/1 од 06.06.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од истата да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 06.06.2024 година, е поднесена пријава против лицето -------- --------, поранешен ВД медицински директор на --- ----------- -- ------ -- -------------, по која е оформен предмет број 12-1771/1 од 06.06.2024 година. Во пријавата се изнесени повеќе наводи за сторени незаконитости, неправилности и повреда на етичкиот кодекс од страна на пријавеното лице при извршување на функцијата ВД медицински директор на клиниката.

Имено, во пријавата е наведено дека поранешниот ВД медицински директор на предметната здравствена установа дозволил цели три месеци лица ангажирани со договор за дело да работат без склучени договори, а претходните им истекле на 31.12.2023 година и дека без добиена согласност од ------------ -- --------- и без плати на истите им одредил дежурства спротивно на закон. Понатаму, во пријавата се посочува дека поранешниот медицински ВД директор ја

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

злоупотребил својата службена положба на начин што склучил договор за дело со лицето --------- --------, негова снаа, на која и одредил работно место на шалтер, со што го повредил правото за ист третман за сите вработени, кој договор подоцна бил раскинат на ден 17.05.2024 година и наведува дека за истото било пријавено во Државниот управен инспекторат и во Државниот трудов инспекторат, кои постапувале по пријавите. Исто така, се укажува дека пријавениот нанел штета на угледот на Клиниката преку изнесување лажни информации во медиумите, како и дека изнесувал лажни обвинувања во медиумите против пријавителот кој бил на функција организациски директор на истата клиника, со што нанел штета на честа и угледот на пријавителот.

ДКСК постапувајќи по пријавата, констатира дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во врска со предметните наводи, од следните причини:

Во конкретниот случај пријавеното лице е разрешено од функцијата медицински директор на --------------- --------- -- ------------- пред истекот на времето за кое бил именуван со Решение донесено од тогашниот Министер за здравство ----- ------ број 17-4595/1 од 14.05.2024 година, при што во јавно соопштение на Министерот за здравство е наведено дека причина за разрешувањето е несовесното постапување на медицинскиот директор кое се должи на непродолжување на договори за дело на 18 лица. Исто така, по поднесување на пријавата е настаната промена во фактичката состојба и кај пријавителот кој исто така со Решение на новиот Министер за здравство ------- ---------, на ден 25.06.2024 година е разрешена од функцијата ВД организациски директор на Универзитетската клиника за токсикологија.

ДКСК во врска со разрешувањето на пријавеното лице од функцијата медицински директор на Универзитетската клиника за токсикологија веќе има постапувано и има донесено Одлука во предметот со број 12-1659/1 од 23.05.2024 година, а во рамки на таа постапка е опфатено и прашањето за непродолжување на договори за дело на лица ангажирани на клиниката, како наведена причина за разрешувањето предмет на постапката 12-1659/1 од 23.05.2024 година. Поради тоа, во врска со ова прашање ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, дотолку повеќе што во рамки на истиот предмет ДКСК има поднесено иницијативи за поведување на постапки за кривично гонење до надлежно јавно обвинителство, така што истото прашање веќе е во надлежност на друг државен орган.

Во однос на наводите за работно ангажирање со договор за дело на лицето ------------------, снаа за син на пријавеното лице, ДКСК веќе има постапувано во предметот број 09-1830 од 24.06.2024 година со што се исцрпени нејзините законски надлежности од аспект на спречување на судир на интереси и нема елементи за понатамошно постапување. Имено, ДКСК констатирала дека службеното лице сторило прекршок по член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, за што има издадено прекршочен платен налог против овде пријавеното лице како сторител на прекршокот. Освен тоа, според наводите во пријавата, за ангажирањето на наведеното лице веќе биле пријавено и постапувале надлежните органи и тоа Државниот управен инспекторат и Државниот трудов инспекторат, па во услови кога веќе постапуваат надлежни органи од соодветната област не постојат основи за понатамошно надлежно постапување од страна на ДКСК.

Во однос на наводите дека пријавениот нанел штета на угледот на Клиниката преку изнесување лажни информации во медиумите, како и дека изнесувал лажни обвинувања во медиумите против пријавителот со што нанел штета на честа и угледот на пријавителот, ДКСК нема надлежност да постапува, а евентуално оштетеното правно или физичко лице може да бара правна заштита и утврдување на одговорност и надоместување на штета за навреда или клевета пред надлежен суд, во смисла на одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РСМ бр.251/2022).

Во однос на наводни повреди на Кодекот на медицинската етика и деонтологија од страна на пријавеното лице, ДКСК нема надлежност да постапува, а надлежен орган е Судот на честа при Лекарската комора на РСМ.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК откако утврди дека за дел од наводите од пријавата нема надлежност за постапување бидејќи се во надлежност на други надлежни органи, односно организации, а за дел од наводите веќе има постапено во други предмети кои се воделе пред Државната комисија, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Согласен м-р. И.П., раководтел на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК